Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 година и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 29 и 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), и член 19 и 20 од Статутот на ОУ Дом на Култура „Илинден“ Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 15.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За избор на Директор на Општинската установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар**

1. За Директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар се избира кандидатот **Славче Велјановски**, дипломиран историчар-археолог од Демир Хисар.
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

***Образложение***

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе решение за распишување на јавен оглас за избор на Директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар број 08-421/1 од 28.04.2026 година. Јавниот оглас со деловоден број 08-421/3 од 28.04.2026 година беше објавен во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха на ден 30.04.2026 година. По завршувањето на предвидениот рок за пријавување на јавниот оглас, комисијата за спроведување на јавен оглас за избор на директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар формирана со решение број 08-421/2 од 28.04.2026 година, ги разгледа поднесените пријави и состави записник број 08-421/6 од 11.05.2026 година. На огласот беше пријавен еден кандидат и истиот целосно ги исполнуваше условите наведени во огласот. Комисијата целокупната документација доставена од пријавениот кандидат и записникот го предаде на Градоначалникот за понатамошно постапување. Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 15.05.2026 година во просториите на Општина Демир Хисар спроведе интервју со пријавениот кандидат и состави записник број 08-421/8 од 15.05.2026 година. Врз основа на целокупната документација која ја достави пријавениот кандидат за докажување на условите предвидени во јавниот оглас и одржаното интервју, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за избор на директор на ОУ Дом на културата „Илинден“ Демир Хисар.

***Правна поука:*** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот на одлуката.

Доставено до:

- Именуваниот
- ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар
- Архива на Општина Демир Хисар

08-421/9

15.05.2026

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски**